**ЗАПИСНИК**

**Од годишното Собрание на Здружението на Педијатрите на Македонија одржано на ден 15.01.2011 год. во хотел „Александар Палас"во Скопје.**

Првиот дел од годишното собрание започна со стручен дел посветен на астмата кај децата со 3 предавачи: Проф. д-р Бранимир Несторовиќ од Белград, д-р Благица Манчева од Институтот за белодробни заболувања кај децата - Козле и д-р Ангел Саздовски од Клиника за детски болести. По успешно изнесените предавања се разви плодна дискусија и беа поставени интересни прашања на кои одговараа предавачите.

Во вториот дел се одржа изборното собрание за претседател на Здружението на педијатрите на Македонија. Согласно одлуката на последниот Управен одбор одржан на 23.12.2010 година проф. Љупчо Николовски го прочита работното претседателство во состав: проф. Љупчо Николовски, д-р Иван Двојаков, д-р Соња Петровска, д-р Александар Сајковски и д-р Катерина Ставриќ.

Верификационата комисија ја сочинуваат д-р Соња Петровска, д-р Филип Дума и д-р Теута Јакупи. За збор се јави кандидатот за претседател д-р Оливер Зафировски и за свој претставник во комисијата го предложи д-р Драган Дацевски, а вториот кандидат за претседател д-р Велибор Тасиќ за свој претставник во комисијата го предложи д-р Зоран Гучев.Предлогот за проширување на верификационата комисија за уште 2 члена го стави на јавно гласање д-р Љупчо Николовски и истиот беше усвоен.

За членови на Изборната комисија се назначени: д-р Лидија Нешковска, д-р Шенаси Јусуфи, д-р Светлана Крстевска, д-р Ферит Муча и д-р Весна Томиќ.

Формирана е Кандидационата комисија во состав д-р Иван Двојаков - претседател и членови: д-р Султана Асани и д-р Олгица Николовска.

За записничар е одреден д-р Илија Тимовски, а за заверувачи на записникот се одредени д-р Митка Тренчева и д-р Радмила Стојановиќ.

Во понатамошниот тек на Собранието претседателот на Здружението на педијатрите на Македонија проф. Љупчо Николовски поднесе извештај за работата на ЗПМ во последниот мандатен период. Извештајот е глобален увид за активностите на ЗПМ. За првиот мандат од 2003 - 2007 е издадено CD, а во излагањето за вториот мандат од 2007-2011 ги спомна сите симпозиуми, конгресот, секциите, меѓународни активности, книги, публикации, веб страната на здружението и друго. Нагласи дека е потребно да се продолжат сите започнати активности дома и на меѓународно ниво со истото темпо, да се сочува единството во ЗПМ на сите нивоа. Да продолжи излегувањето и обогатоувањето на веб страната.

По излагањето на проф. Љупчо Николовски за збор се јави д-р Ацо Костовски и истакна дека не е задоволен од известувањето на сајтот на ЗПМ по повод номинирањето на кандидати за претседател. На стручниот колегиум на Детска клиника имало предложено 2 кандидата д-р Александар Сајковски и д-р Велибор Тасиќ, а на денот на изборот разбрал дека има и трет кандидат предложен од Институтот за белодробни заболувања - Козле д-р Оливер Зафировски. Д-р Ацо Костовски даде забелешки дека во извештајот на претседателот за последниот мандат не е споменат како предавач, иако самиот предавал 7 пати, а не е спомената и одржаната секција и

формираното здружение за целиакија. Се обрати кон присутните со напомена дека ова раководство не сторило многу за педијатрите особено за оние во примарната здравствена заштита и сугерираше да се внимава за кого се гласа!

На ова реагираше проф. Љупчо Николовски кој сугерираше *„да се остане со ладна глава“* и да не се влијае на исходот на Собранието. Истакна дека ова се избори за Здружението на педијатри, а не парламентарни избори и дека Здружението ги обединува сите педијатри во Македонија. Здружението е пример за сплотување на педијатрите, а не за раздор.

Збор побара д-р Бекир Адеми од Гостивар и кажа дека не се слага со дискриминацијата на педијатрите во примарна здравствена заштита. Побара да се донесе заклучок од Собранието за подршка на стручноста и подигање на реномето на педијатрите во ПЗЗ.

Во името на Кандидационата комисија се обрати претседателот д-р Иван Двојаков и истакна дека се почитувани сите рокови предвидени со Статутот . Изборот за претседател е организиран транспарентно и демократски со наведени услови и можности. До 12.01.2011 до секретарот на ЗПМ се пристигнати 3 кандидатури и тоа од д-р Александар Сајковски, д-р Велибор Тасиќ и д-р Оливер Зафировски. Кандидационата комисија ги предложи до Управниот одбор, а Управниот одбор (со 1 глас против) го прифати предлогот сите три кандидати да одат на избор со тајно гласање. Сите кандидати имаат поднесени доста опширни биографии и во интерес на времето се прочитани само најзначајните делови. Сите кандидати имаат Програма за работа. Д-р Александар Сајковски е предложен за претседател од Стручниот колегиум на Клиниката за детски болести, Скопскиот регион, Централниот регион, Северозападен регион и Југозападен регион на Здружението на педијатрите. Д-р Велибор Тасиќ е предложен од Стручниот колегиум на Клиниката за детски болести, а д-р Оливер Зафировски е предложен од Стручниот колегиум на Институтот за белодробни заболувања кај децата - Козле. Д-р Иван Двојаков истакна дека сите предложени кандидати го заслужуваат мандатот и за да се зачува дигнитетот на професијата побара од присутните во салата, секој по свое убедување да го даде гласот за личноста што најмногу заслужува да не води во наредните 4 години.

Д-р Методија Томевски не се сложува со одлуката на Кандидационата комисија, бидејќи во членот 5 од Статутот на ЗПМ стои дека за претседател не може да биде избрано лице кое извршува друга раководна функција. Кандидатот д-р Оливер Зафировски кажа дека неговата функција директор на Институтот за белодробни заболувања кај децата не се коси со функцијата Претседател на ЗПМ и покажа известување потпишано од Претседателот на Антикорупциска комисија Илми Селами. Д-р Иван Двојаков истакна дека Управниот одбор земајќи ги сите факти предвид, на демократски начин донел одлука сите 3 кандидати да одат на избор со тајно гласање.

Изборната комисија во состав д-р Лидија Нешковска, д-р Ферит Муча, д-р Светлана Крстевска, д-р Шенази Јусуфи и д-р Весна Томиќ почна со поединечно читање на присутните и секој прочитан добиваше ливче за тајно гласање, гласаше зад параван и го ставаше ливчето во гласачката кутија. По затварање на гласањето се премина на пребројување на гласовите и секое гласачко ливче поединечно се читаше пред целиот аудиториум и секој глас за одредениот кандидат се запишуваше на таблата.

Вкупно гласаа 221 член на Здружението.

д-р Александар Сајковски доби 140 гласа
д-р Велибор Тасиќ доби 46 гласа
д-р Оливер Зафировски доби 31 глас
Неважечки беа 4 ливчиња

Изборната комисија констатира дека за претседател на Здружението на педијатрите на Македонија со 4-годишен мандат е избран д-р Алексадар Сајковски.

Во името на Клиниката за детски болести и Катедрата по педијатрија се обрати проф. д-р Мирјана Кочова која му го честита изборот на д-р Александар Сајковски  и му посака плодна и успешна работа. Потоа на сите присутни им се обрати новоизбраниот претседател и им се заблагодари на сите педијатри од Македонија како и на своите противкандидати на достоинствениот и демократски избор.

| | |
|---|---|
| *Изработил записник:* | *Заверуваат записник:* |
| *д-р Илија Тимовски* | *д-р Митка Тренчева* |
| | *д-р Радмила Стојановиќ* |